"извод"

**Република Македонија**
**НОТАР**
**Снежана Сарџовска**
**за подрачјето на основните судови**
**на градот Скопје**
Скопје, Народен Фронт 19
кат 01, лок. 21
**2017.06.07.**

**ОДУ 230/17**

Јас НОТАР Снежана Сарџовска за подрачјето на основните судови на град Скопје, со седиште во Скопје, ул. Народен Фронт бр.19, кат 01, локал 21, на ден 07.06.2017 (седми Јуни двеилјадиседумнаесетата) година, а согласно член 2, 39 и 92 од Законот за нотаријатот, присуствував на седница на Собрание на акционери на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, со седиште на Булевар на виното бр. 1, со ЕМБС 6100937, за што го составив следниот ------------------------------------------------------------------------------------

**З А П И С Н И К**
**од седница на редовно Годишното собрание на акционери на Винарска визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**

Пред одржувањето на седница на редовното Годишното собрание на акционери на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, го утврдив следното: --------
- со увид во Тековна состојба издадена од Централен регистар на РМ на 06.06.2017 год., утврдив дека Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, со седиште на Булевар на виното бр. 1, е регистрирано во единствениот трговски регистар со ЕМБС 6100937; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------
- со увид во Акционерската книга од 06.06.2017 (шести Јуни двеилјадиседумнаесетата) година, утврдив дека во неа под ISIN MKPOPK101014 се запишани 2.700.000 (два милиони седумстотини илјади) обични акции, 763 (седумстотинишеесетитри) иматели и 764 (седумстотинишеесетичетири) сопственички позиции; ---------------------------------------------------------------------------------------------
- со увид во дневниот весник НОВА МАКЕДОНИЈА од 05.05.2017 година е утврдено дека е објавен јавен повик за одржување на редовно годишно собрание на акционери на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, закажно за 10 (десет) часот; ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Седницата се одржа во Скопје, Градски ѕид, блок 13, во просториите на Македонија сообраќај АД Скопје, со почеток во 10 (десет) часот и работеше според следниот: -------------------------------------------

**ДНЕВЕН РЕД**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:** -------------------------------------------------------------------------------------------

1. **Отварање на собранието;** ---------------------------------------------------------------------------
2. **Избор на работни тела:** -----------------------------------------------------------------------------
   - **Избор на претседавач на собранието на друштвото;** -----------------------------------------
   - **Избор на записничар и двајца на заверувачи на Записникот;** ---------------------------
3. **Избор на верификациона комисија;** -----------------------------------------------------------
4. **Верификација на список на присутни акционери / полномошници и утврдување на кворум за работа и одлучување;** ----------------------------------------------------------------
5. **Утврдување на дневен ред од работен дел;** ----------------------------------------------------

**II. Работен дел** ----------------------------------------------------------------------------------------------

1. **Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 09.06.2016 година;** -------------------------------------------

С. Сарџовска

- **Предлог-Одлука за усвојување;** ---------------------------------------------------------------

2. **Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото во 2016 година;** ------
   - **Предлог-Одлука за усвојување;** ---------------------------------------------------------------
3. **Разгледување на годишната сметка за 2016 година и на ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година;** --------------------------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за усвојување на годишна сметка;** -----------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за усвојување на ревидирани финансиски извештаи;** ----------------
4. **Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2016 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година;** ----------------------
   - **Предлог-Одлука за усвојување на консолидирана годишна сметка;** ------------------
   - **Предлог-Одлука за усвојување на ревидирани консолидирани финансиски извештаи;** ------------------------------------------------------------------------------------
5. **Распределба на добивка на друштвото за 2016 година;** -----------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за распределба на добивката;** ---------------------------------------------
6. **Извештај за работа на одборот на директори за 2016 година;** --------------------------------
   - **Предлог-Одлука за одобрување на работата на директори;** -----------------------------
7. **Назначување на овластен ревизор на финансиски извештаи на друштвото за 2017 година;** ---------------------------------------------------------------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за назначување на овластен ревизор;** ------------------------------------
8. **Нова емисија на обични акции;** -----------------------------------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за нова емисија на обични акции во вредност од 800.000 Еур;** ----
9. **Емисија на корпоративна хипотекарна обврзница;** ----------------------------------------------
   - **Предлог-Одлука за емисија на корпоративна хипотекарна обврзница во вредност од 650.000 Еур;** ---------------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На седницата на Собрание на акционери присуствуваа 12 (дванаесет) акционери и нивни застапници, иматели на 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесетидевет илјади четиристотиниосумнаесет) обични акции. ---------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **првата точка** од Процедуралниот дел од дневниот ред, седницата на Собрание на акционери ја отвори Г-дин Тодор Черепналковски, претседавач од минатата седница. -------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **втората точка** од процедуралниот дел на дневниот ред, за Претседавач на Собрание на акционери беше предложен Г-дин Тихомир Мукаетов. Откако никој друг не предложи друг кандидат за претседавач на собранието на акционери, Претседавачот на собрание на акционери од минатата седница единствениот предлог го стави на гласање. Сите присутни акционери гласаа за предлогот. Воздржани немаше. Против немаше. Претседавачот на Собрание на акционери од минатата седница констатира дека за Претседавач на Собрание на акционери за оваа седница со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови е избран Г-дин Тихомир Мукаетов. --------------------------------------------------------

- Претседавачот на собрание на акционери констатира дека не е потребно да се избираат записничар и двајца заверувачи на записникот бидејќи записникот од оваа седница ќе го води нотар Снежана Сарџовска од Скопје. ----------------------------------------------------------------------------

--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **третата точка** од Процедуралниот дел на дневниот ред, за членови на Верификационата комисија беа предложени Игор Деловски и Јулијана Матековиќ. Откако никој друг не беше предложен за член на Верификационата комисија, Претседавачот на собрание на акционери предлогот Игор Деловски и Јулијана Матековиќ да бидат избрани за членови на Верификационата комисија, го стави на гласање. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше виздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесетидевет илјади четиристотиниосумнаесет) гласови е донесена Одлука со која Игор Деловски и Јулијана Матековиќ се избрани за членови на Верификационата комисија. -------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **четвртата точка** од Процедуралниот дел на дневниот ред, Верификационата комисија поднесе извештај за присутните акционери и го известија собранието дека на оваа седница на Собрание на акционери присуствуваат иматели на 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесети деветилјади четиристотиниосумнаесет) обични акции, коишто претставуваат 58% (педесетиосум проценти) од вкупниот број на акции. ----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на собрание на акционери констатира дека Собранието на акционери за денешната седница има кворум за работа и одлучување. ----------------------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **петата точка** од Процедуралниот дел на дневниот ред, Претседавачот на собрание на акционери му даде збор на г-дин Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, којшто предложи да не се расправа по точката 8 (осум), а точката 9 (девет) да се дополни со донесување на одлука за ставање на хипотека врз недвижен имот и истата да стане точка 8 (осум). За збор се јави и г-дин Тодор Черепналковски којштo предложи воопшто да не се расправа по точките 8 (осум) и 9 (девет), со образложение дека за да се расправа по наведените точки потребна е посеопфатна елаборација, да се доставaт потребните материјали на акционерите да ги разгледаат, па од таа причина за точките 8 (осум) и 9 (девет) да се расправа на наредна седница на собрание на акционери. Г-дин Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, предложи да се додаде нова точка во работниот дел од дневниот ред Донесување одлука за инвестирање во Dream Well Wines, Inc, USA. За збор се јави и Г-дин Григори Поповски којштo појасни дека за точката 9 (девет) е долго разговарано, рзгледувани се сите можности и дека предложената одлука е најповолната опција за друштвото. ----------------------------------------------------------------------------
Откако никој друг не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери го стави на гласање предлогот точката 8 (осум) да се брише. За предлогот гласаа сите присутни акционери, никој не беше против, ниту воздржан. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови е донесена одлука да се брише точката 8 (осум) од работниот дел на дневниот ред. ----------------------------------------------------------------------------
Претседавачот на Собрание на акционери го стави на гласање предлогот да се измени точката 9 (девет). За предлогот гласаа акционери сопственици на 1.511.252 (еден милион петстотини единаесет илјади двестепедесетидве) акции, против беше еден акционер, сопственик на 68.166 (шеесетиосум илјади стошеесетишест) акции, воздржани немаше. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.511.252 (еден милион петстотиниединаесет илјади двестепедесетидва) гласа е донесена предложената одлука. ----------------------------------------------------
Претседавачот на Собрание на акционери го стави на гласање предлогот да се додаде нова точка во работниот дел од дневниот ред: Донесување одлука за инвестирање во Dream Well Wines. Inc., USA. За предлогот гласаа акционери сопственици на 1.511.252 (еден милион петстотини единаесет илјади двестепедесетидве) акции, против беше еден акционер, сопственик на 68.166 (шеесетиосум илјади стошеесетишест) акции, воздржани немаше. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.511.252 (еден милион петстотиниединаесет илјади двестепедесетидва) гласа е донесена предложената одлука. ----------------------------------------------------
Претседавачот на Собрание на акционери го стави на гласање целиот дневен ред со измените. За Дневниот ред со измените гласаа акционери сопственици на 1.511.252 (еден милион петстотини единаесет илјади двестепедесетидве) акции, против беше еден акционер, сопственик на 68.166 (шеесетиосум илјади стошеесетишест) акции, воздржани немаше. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.511.252 (еден милион петстотиниединаесет илјади двестепедесетидва) гласа е усвоен дневниот ред со измените. ----------------------------------------------------
Собранието продолжи да работи по усвоениот работен дел од дневниот ред. ------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **првата точка** од работниот дел на дневниот ред, **Усвојување на записникот од собранието на акционери на Винарска Визба Попова Кула АД Демир Капија одржано на 09.06.2016 година,** за збор се јави Г-дин Стево Ѓошев, којштo побара да му се даде примерок од записникот од минатата седница на Собрание на акционери преку e-mail. Откако никој друг не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери ја стави на гласање предложената Одлука за

усвојување на Записникот од акционерското собрание одржано на 09.06.2016 (деветти Јуни двеилјадишеснаесетата) година. За предложената одлука гласаа акционери сопственици на 1.571.727 (еден милион петстотини седумдесетиедна илјада седумстотинидваесетиседум) акции, против немаше, воздржани беа акционери сопственици на 7.691 (седум илјади шестотини деведесет и една) акција. Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека со мнозинство од 1.571.727 (еден милион петстотини седумдесетиедна илјада седумстотинидваесетиседум) гласови е донесена Одлука со којашто се усвојува записникот од акционерското собрание одржано на 09.06.2016 (деветти Јуни двеилјадишеснаесетата) година. ----------------------------------------------------

------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **втората точка** од работниот дел на дневниот ред, **Разгледување на годишен извештај за работењето на друштвото во 2016 година,** Претседавачот на Собрание на акционери му даде збор на извршниот директор Јордан Трајков којшто истакна дека не е склучен договор за наградување со ниту еден од членовите на одборот на директори, Постои само договор со ИНТЕКО којшто е акционер во ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, а на СТАНУШИНА ДООЕЛ, којашто е во сопственост на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, и е дадена позајмица. --------------------------------------

По однос на изнаоѓање на нови пазари, се извезува вино во Хрватска, Босна и Херцегивина, Чешка, во Канада се повлече партнерот од лични причини заради состојбата во Македонија. Во Кина извозот се врши преку македонски партнер. Се издвојуваат пазарите во Америка, а по лошата 2014 (двеилјади четиринаесетата) година, во 2016 (двеилјадишеснаесетата) година се врати и продажбата во Полска. На домашниот пазар продажбата главно се врши во продавниците и ресторанот на ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија. Во 2016 (двеилјадишеснаесетата) година, продажбата е зголемена за 4,6% во однос на 2015 (двеилјадипетнаесетата) година. Отежната е соработката со ВЕРО и РАМСТОР заради условите коишто тие ги диктираат. Намалена е продажбата на вино на вкупно ниво во маркетите. ---------------------------------------------------------------------------

Во делот на маркетингот и промоцијата направени се 2 (две) посети во Америка, во Холандија, Данска, Шведска и Кина. На меѓународеннатпревар во Јапонија добиен е златен медал за виното Темјаника. Учествувано е на саеми во Белград и Софија. ----------------------------------------------------

Во делот оператива, берба и производство, собрани се 223 (двестедваесетитри) тони грозје, 88 (осумдесетиосум) тони се извезени во Црна Гора. Произведени се 93.000 литри вино. -----------------

Во 2016 (двеилјадишеснаесетата) година е позитивно салдото со 61.291,оо (шеесетиедна илјада двестедеведесетиеден) денари. ----------------------------------------------------------------------------

По однос на програмата за понатамошни активности акцент е ставен на оперативата, секторот туризам, винарската визба. Планиран е и направен стратешки план. Најголем проблем е кадровското прашање поради недостаток на луѓе кои заминуваат во странство. Главни проблеми се и малата продажба на вино дома и во странство и сезонскиот туризам. --------------------------------------

За збор се јави и Г-дин Тодор Черепналковски, кој праша што е со останатиот капацитет за вино, ако се направени 93.000 (деведеситритри илјади) литри вино, а друштвото има капацитет за 650.000 (шестотинипедесет илјади) литри вино. ----------------------------------------------------------------

Извршниот директор Јордан Трајков појасни дека за да се наполнат капацитетите со вино, потребно ќе биде да се купи грозје, а тоа значи да се врзат пари. А покрај тоа намалена е продажбата на вино.

За збор се јави Г-дин Александар Талимџиоски којшто истакна дека треба да се размислува евентуално и за продажба на вино со полош квалитет и поевтино, со помала маржа. Меѓу другото истакна дека во ВЕРО наливното вино од 3 (три) литри е 550 - 650 (петстотинипедесет до шестотинипедесет) денари, а цената на другите вина се движи од 300 - 400 (триста до четиристотини) денари. ---------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави и Г-дин Стево Ѓошев, кој предложи повеќе да се ангажираат во продажбата на виното на странскиот пазар и во помалите маркети. ---------------------------------------------------

Извршниот директор појасни дека помалите маркети не плаќаат. Излезот е извозот во Русија, Кина и Америка. Во Русија е проблем со лиценците за увоз, а Кина е нестабилна земја. ----------------------

За збор се јави и Г-дин Златко Данев кој истакна дека во Кина последниве години се продава виното, некогаш повеќе, некогаш помалку. ------------------------------------------------------------------

Откако повеќе никој не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери ја стави на гласање предлог одлуката за усвојување на годишен извештај за работењето на друштвото во 2016 година. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, ниту имаше воздржани.

Претседавачот на Собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотиниседумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. ---------------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **третата** точка од работниот дел на дневниот ред, **Разгледување на годишната сметка за 2016 година и на ревидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година**, Претседавачот на собрание на акционери збор му даде на Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, којшто истакна дека ревидираните извештаи се поклопуваат со годишната сметка. Остварена е добивка од 61.000 (шеесетиедна илјада) денари според неконсолидираниот извештај, а амортизацијата е околу 5.500.000,оо (пет милиони петстотини илјади) денари. Откако никој друг не се јави за збор, Претседавачот на собрание на акционери предложи да се донесе одлука со којашто се усвојува годишната сметка за 2016 (двеилјадишеснаесетата) година. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. ---------------------------------------------------

Претседавачот на собрание на акционери предложи да се донесе Одлука со којашто се усвојуваат ревидираните финансиски извештаи за 2016 (двеилјадишеснаесетата) година. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. -------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **четвртата** точка од работниот дел на дневниот ред, **Разгледување на консолидирана годишна сметка за 2016 година и на ревидирани консолидирани финансиски извештаи на друштвото за 2016 година,** Претседавачот на собрание на акционери збор му даде на Г-дин Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, којшто истакна дека има чист ревизискки извештај, 542.000,оо (петстотиничетириесетидве илјади) денари загуба, готовинските текови се во позитива и ако се тргне амортизацијата во дел, ќе има блага позитива. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на собрание на акционери предложи да се донесе одлука со којашто се усвојува консолидираната годишна сметка за 2016 (двеилјадишеснаесетата) година. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. Претседавачот на собрание на акционери предложи да се донесе одлука со којашто се усвојуваат ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2016 (двеилјадишеснаесетата) година. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. -------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **петата точка** од работниот дел на дневниот ред **Распределба на добивка на друштвото за 2016 година,** Претседавачот на собрание на акционери збор му даде на Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, којшто истакна дека нема друга законска можност освен добивката да се распореди за покривање на акумулираната загуба. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на собрание на акционери предложи да се донесе одлука за распределба на добивката за покривање на акумулираната загуба. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. -------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **шестата точка** од работниот дел на дневниот ред **Извештај за работа на одборот на директори за 2016 година,** Претседавачот на собрание на акционери му даде збор на Григори Поповски, Претседател на одбор на директори, којшто истакна дека Одборот на директори редовно се состанувал, одржани биле 8 (осум) состаноци, на коишто средби се разгледувала работата на друштвото, извештај за остварената продажба, состојба со наплатата и сл. Направени се повеќе анализи на пазарот, на цените, продажбата, палетата на производии услуги. Вложени се напори за

С.Сафровска

изготвување на стратешкиот план. За збор се јави и извршниот директор Г-дин Јордан Трајков, којшто истакна дека на сите состаноци присуствувале сите членови на Одборот на директор, а за тоа не примаат никаков надоместотк. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на Собрание на акционери предложи да се гласа за работата на секој член на одборот на директори поединечно. За одобрување на работата на КЛИМЕ БАБУНСКИ, неизвршен член на Одборот на директори, сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, немаше воздржани. За одобрување на работата на ЗЛАТКО ДАНЕВ, неизвршен член на Одборот на директори, сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, немаше воздржани. За одобрување на работата на ЗОРАН КОЛЕВ, неизвршен член на Одборот на директори, сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, немаше воздржани. За одобрување на работата на ГРИГОРИ ПОПОВСКИ, Претседател на Одборот на директори, независен и неизвршен член, сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, немаше воздржани. За одобрување на работата на ЈОРДАН ТРАЈКОВ, извршен член на Одборот на директори, сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против, немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека за секој од членовите на Одборот на директори со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотиниосумнаесет) гласови е донесена Одлука со којашто им се одобрува работата. -

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **седмата точка** од работниот дел на дневниот ред **Назначување на овластен ревизор на финансиски извештаи на друштвото за 2016 година,** Претседавачот на собрание на акционери му даде збор на членот на одбор на директори Климе Бабунски којшто истакна дека на повикот за избор на овлатен ревизор за 2017 (двеилјадиседумнаесетата) година, пристигнати се 3 (три) затворени понуди. Понудените цени биле одлучувачки за изборот. Најповолна понуда дало Друштвото за ревизија БДО ДОО Скопје и предложи да се донесе Одлука за овластен ревизор за 2017 (двеилјадиседумнаесетата) година да се избере Друштвото за ревизија БДО ДОО Скопје. Откако никој не се јави за збор, Претседавачот на собрание на акционери предлогот го стави на гласање. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. ------------------------------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во врска со **осмата точка** од работниот дел на дневниот ред, **Емисија на гарантирана корпоративна обврзница во вредност од 650.000 (шестотинипедесет илјади) евра,** за збор се јави Г-дин Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, којшто појасни дека друштвото има земено краткорочни заеми од една банка и од физички лица. Рефинансирањето трба да биде од една банка на целата сума. Разговарано е со повеќе банки, Комерцијална банка одбила, затоа што има инвестирано во винарската индустрија, Стопанска банка дала лоши услови. Рефинансирањето е потребно заради долгорочно враќање на кредитот. СИЛК РОУД БАНК се согласила да гарантира со корпоративна обврзница во висина од 650.000 (шестотинипедесет илјади) евра со рок на враќање од 22 (дваесетидве) години. ---------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави и Г-дин Тодор Черепналковски кој истакна дека е потребно да се дадат писмени известувања за можните алтернативни решенија, да се разгледаат пред да се одлучува за понуденото решение. ---------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Г-дин Григори Поповски, Претседател на одбор на директори, којшто предложи да се донесе Одлука за прекин седницата на Собрание на акционери којашто ќе продолжи на 14.06.2017 (четиринаесетти Јуни двеилјадиседумнаесетата) година, со образложение во наредните денови да се подготват писмените известувања за алтернативите решенија и да им се дадат на увид на акционерите. ---------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот на собрание на акционери предлогот го стави на гласање. Сите присутни акционери гласаа ЗА, никој не беше против и немаше воздржани. Претседавачот на собрание на акционери констатира дека предложената одлука е донесена со мнозинство од 1.579.418 (еден милион петстотини седумдесетидевет илјади четиристотини осумнаесет) гласови. ----------------------------------

Седницата на собрание на акционери заврши во 13:50 (тринаесет часот и педесет минути). ------------

Овој записник е составен на седум страници на седум листа. ----------------------------------------------

A. Сар[illegible]

Еден извод е издаден за Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, а изворникот се чува во архивата на нотарот. ---------------------------------------------------------

Овој записник откако лично го прочита Претседавачот на Собранието на акционери и нема никакви забелешки, во знак на прифаќање истиот го потпишува. ---------------------------------------------------------

**Претседавач на Собрание на акционери**: ---------------------------------------------------------

**Г-дин Тихомир Мукаетов с.р.** ---------------------------------------------------------

---------------------------------------------------------

Нотарската награда, согласно чл. 41 и 54 ст.1 од НТ, е пресметана во износ од **18.000,оо** денари. -----

---------------------------------------------------------

**НОТАР Снежана Сарџовска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основниот суд ... градот НОТАР СНЕЖАНА САРЏОВСКА СКОПЈЕ

"извод"

**Република Македонија**
**НОТАР**
**Снежана Сарџовска**
**за подрачјето на основните судови**
**на градот Скопје**
Скопје, Народен Фронт 19
кат 01, лок. 21
**2017.06.14.**

**ОДУ 242/17**

Јас НОТАР Снежана Сарџовска за подрачјето на основните судови на град Скопје, со седиште во Скопје, ул. Народен Фронт бр.19, кат 01, локал 21, на ден 14.06.2017 (четиринаесетти Јуни двеилјадиседумнаесетата) година, а согласно член 2, 39 и 92 од Законот за нотаријатот, присуствував на продолжение на седница на Собрание на акционери на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, со седиште на Булевар на виното бр. 1, со ЕМБС 6100937, за што го составив следниот ------------------------------------------------------

**З А П И С Н И К**
**од продолжение на седница на редовно Годишното собрание на акционери на Винарска визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија**

Пред одржувањето на продолжениeто на седницата на редовното Годишното собрание на акционери на Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, г-дин Јордан Трајков, извршен директор на друштвото, даде објаснување на присутните акционери дека по точките кои беа предложени на седницата одржана на 07.06.2017 (седми Јуни двеилјадиседумнаесетата) година, не може да се расправа, ниту да се донесуваат одлуки, бидејќи согласно Законот за трговски друштва, дополнувања и измени на точки во објавениот дневен ред, може да се прават во законски предвиден рок пред одржување на седницата. ----------------------------

Со оглед на тоа, Претседавачот на Собрание на акционери Г-дин Тихомир Мукаетов, констатира дека седницата на Собрание на акционери е завршена. ----------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Овој записник е составен од една страница на еден лист. ----------------------------------------------------------
Еден извод е издаден за Друштвото за производство и промет Винарска Визба ПОПОВА КУЛА АД Демир Капија, а изворникот се чува во архивата на нотарот. ----------------------------------------------------
Овој записник откако лично го прочита Претседавачот на Собранието на акционери и нема никакви забелешки, во знак на прифаќање истиот го потпишува. ------------------------------------------------------
**Претседавач на Собрание на акционери**: -----------------------------------------------------------------------

**Г-дин Тихомир Мукаетов с.р.** ----------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Нотарската награда, согласно чл. 41 од НТ, е пресметана во износ од **10.000,оо** денари. ------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**НОТАР Снежана Сарџовска**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на основните судови на градот НОТАР СНЕЖАНА САРЏОВСКА СКОПЈЕ